РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2283/2

29-06-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став, член 23 став 1 и член 54 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1 и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 49-тата седница, одржана на ден 07 Јуни 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата - во предметот со бр. 12- 2830 од 2019 година, СЕ ЗАПИРА.

Државната комисија за спречување на корупцијата врз основа на извршената анализа на податоци доставени од државни органи и институции изврши анализа, обработка и изготви „Извештај за располагањето и користењето на државните средства од страна на службени лица" кој е доставен до Заменик на Претседателот за борба против корупција, за одржлив развој и човечки ресурси –Љупчо Николовски при Владата на Република Северна Македонија за надлежно постапување.

Предметот со број 12-2830 од 2019година да се затвори и да се архивира.

Извештајот да се објави на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2830 од 2019 година е оформен по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата врз основа на информации објавени во медиумите во РСМ со кои се изнесуваат сомневања за злоупотреби на службената положба и овластувањата и несовесно работење во службата од страна на избрани, именувани лица, како и од други службени лица предвидени во членот 54 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поврзано со т.н. "непродуктивни буџетски трошења" од Буџетот на Република Северна Македонија.

Со информациите и наводите изнесени во медиумите се укажуваше на коруптивно постапување преку злоупотреби на финансиски средства и на дискреционите овластувања најчесто од аспект на користењето на правото на надомест на трошоци за користење на сопствен автомобил, правото на користење на стан под закуп за времетраењето на мандатот на службеното лице , право на трошоци за репрезентација и други трошења од ваков вид - на товар на Буџетот на РСМ и/или на .

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата поаѓајќи од првичните информации, согласно своите законски надлежности, заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барања за достава на податоци, информации и прилог документација.

Адреса: ул.Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. PresvetaBogorodicanr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk